26818

12091

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 19 септември 1980 год. ● стр. 10

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# Југословенските графичари за МСУ

**● ДВАНАЕСЕТ УМЕТНИЦИ ОД СИТЕ РЕПУБЛИКИ И ПОКРАИНИ НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ МУ ПОДАРИЈА 35 ГРАФИКИ**



**Фатмир Крипа: Графика, 1976**

Настанат како плод на солидарноста на уметниците од Југославија и од светот, Музејот на современата уметност од Скопје и денес, 17 години по катастрофалниот земјотрес, своите колекции ги збогатува и комплетира благодарејќи на подароците што пристигаат. Таа акција на солидарност, не само што се одржува со несмален интензитет, туку во последно време како да зема сѐ поголем замав. На ова упатува и фактот што деновиве 12 југословенски современи уметници, од сите републики и покраини, на Музејот му подарија 35 графики, со што солидната колекција на југословенската графика на Музејот уште повеќе доби на својот квалитет. Дародавците се главно уметници кои се занимаваат со графика.

Од СР Србија графики испратија **Бранимир Карановиќ, Мирослав Арсиќ, Радован Крагуљ** и **Соња Ламут**. Од СР Словенија: **Стане Јагодич, Томаж Горјуп** и **Тинца Стеговец**, од СР Хрватска — **Иван Кудус**, од СР Босна и Херцеговина **Томислав Дугоњиќ**, од САП Косово **Фатмир Крипа и Ѓељош Ѓокај**, додека од САП Војводина, сопругата на неодамна починатиот сликар **Милан Керац, Анкица Опрешник**, и сама поранешен дарител на МСУ, на Музејот му испрати 15 графики од својот сопруг.

Покрај овие познати имиња на југословенски уметници, тројца нови најавуваат свои дела како подарок на графичката колекција на МСУ. Тоа се **Јоже Циуха** и **Јоже Спанцал** од Словенија и **Миладин Желимир** од БиХ.

Солидарноста на споменатите уметници претставува најубав израз на зближувањето меѓу нашите народи и народности. Како и досега, Музејот низ својата практика за организирање изложби на делата што му се подарени, ќе им се оддолжи и на овие уметници. Најверојатно во 1981 година ќе отвори изложба на која ќе ги презентира и овие и сите дела што дотогаш ќе пристигнат како подароци.

**(С. Ѓ.)**